UDC 633.71 ISSN 0494-3244

14

# ТУТУН

# TOBACCO

VOL. 54 | година 2004 Прилеп | № 1-12

## 80 години научна дејност на Институтот за тутун Прилеп

СПИСАНИЕ НА ТУТУНСКАТА НАУКА И СТРУКА
BULLETIN OF TOBACCO SCIENCE AND PROFESSION



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТУТУН TOBACCO | Vol. 54 | № 1-12 | Стр. 1-302 | Прилеп | ЈАНУАРИ ДЕКЕМВРИ | 2004 |

ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА

TOBACCO INSTITUTE - PRILEP
UNIVERSITY "St. KLIMENT OHRIDSKI" - BITOLA

Издава
ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП
Published by
TOBACCO INSTITUTE - PRILEP

УРЕДУВАЧКИ ОДБОР - EDITORIAL BOARD

ОДГОВОРЕН УРЕДНИК - EDITOR IN CHIEF
Јордан Трајкоски - Jordan Trajkoski

ГЛАВЕН УРЕДНИК - EDITOR
Кирил Филипоски - Kiril Filiposki

ИЗДАВАЧКИ ОДБОР
Кирил Филипоски
Јордан Трајкоски
Вера Димеска
Ана Корубин-Алексоска
Снежана Стојаноска

ADVISORY BOARD
Kiril Filiposki
Jordan Trajkoski
Vera Dimeska
Ana Korubin-Aleksoska
Snežana Stojanoska

***

ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ
Илија Нунески, Слободан Дражиќ, Иван Туршиќ,
Искра Христовска, Валентина Пеливаноска, Роберт Цвејоски

ADVISORY COUNCIL
Ilija Nuneski, Slobodan Dražić, Ivan Turšić,
Iskra Hristovska, Valentina Pelivanoska, Robert Cvejoski

***

ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА - LANGUAGE EDITOR
Снежана Магдеска - Митоска - Snežana Magdeska - Mitoska

***

Во трошоците за издавање на списанието "Тутун - Tobacco" учествува Министерството за образование и наука на Република Македонија

***

Годишната претплата изнесува 900,00 денари, а за правни лица 1.800,00 денари
Жиро сметка 41100-787-21 - Прилеп
Претплатата за странство изнесува 60 US $ и се уплатува на Тутунска Банка А.Д. Скопје
-Deutsche Bank A.G. Frankfurt/M 9362732

Annual subscription of 60 US $ to be paid to Tutunska Banka A.D. Skopje
-Deutsche Bank A.G. Frankfurt/M 9362732

Tel. +389 48 412-760; 412-761; 412-762; Fax: 412-763

Тираж 1.500 Copies 1.500

UDC 633.71 ISSN 0494-3244

# ТУТУН
# TOBACCO

СПИСАНИЕ НА ТУТУНСКАТА НАУКА И СТРУКА
BULLETIN OF TOBACCO SCIENCE AND PROFESSION

ТУТУН TOBACCO Vol. 54 №5-6 СТР. 101-142 ПРИЛЕП МАЈ ЈУНИ 2004

СОДРЖИНА

Изворни научни трудови:

В. Пеливаноска, Ј. Трајкоски:
Хемиски состав на берлејската суровина произведена во Полог ................... 103-110

И. Туршиќ, М. Чавлек, Т. Ќосиќ:
Влијание на ѓубрењето со различни дози на азот врз приносот и квалитетот на вирџинискиот тутун во Хрватска ........................................ 111-115

П. Ташкоски:
Испитување на отпорноста на тутунскиот расад спрема *Phytophthora parasitica var. nicotianae* ........................................ 116-127

Т. Мицески:
Унапредување на менаџментот со квалитетот во процесите на тутунопроизводството ........................................ 128-136

Прегледен научен труд:

Р. Транчева:
Имуногенетика на тутунот - достигнувања и проблеми ........................................ 137-141

* * *

С. Дражиќ:
Сеќавање на проф.др. Игор Болсунов ........................................ 142

UDC 633.71
Тутун/Tobacco, Vol.54, N° 5-6, 128-136, 2004
Институт за тутун - Прилеп, Р. Македонија

ISSN 0494-32

УДК: 633.71:338.312(497
Изворен научен тр

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ СО КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО

**Т. Мицески**
*Институт за тутун - Прилеп*

## ВОВЕД

За успешно да се води и работи една фирма (претпријатие, фарма и сл.), неопходно е таа да се управува на систематски и транспарентен начин. Таквиот начин на управување мора да се заснова на систем на менаџмент кој е проектиран на начин што ќе води кон постојано подобрување на перформансите, притоа водејќи сметка за потребите на сите заинтересирани страни, како што се: лицата ангажирани во тутунопроизводството, откупувачите и преработувачите на сувиот тутун и купувачите на ферментираниот тутун и тутунските производи.

Заради тоа, денес сé повеќе е потребно до израз да дојде почитувањето на принципите на менаџментот со квалитет, знаењето, способноста, искуството, разбирањето на луѓето, работењето, разумноста и сите оние вистински вредности кои се сакани од мнозинството луѓе.

### 1.1. Цел на истражувањето

Основна цел на ова истражување е да се даде придонес во унапредувањето на менаџментот со квалитет во процесите на тутунопроизводството.

Придонесот би бил дотолку поголем доколку со ова истражувања се поттикнат многубројните раководни, научни и стручни лица да се придржуваат кон принципите на менаџментот со квалитет и кон нивното унапредување.

Придржувањето кон овие принципи е битно од аспект на унапредување на тутунопроизводството и негово подигнување на повисоко квалитативно ниво.

### 1.2. Материјал и методи на работа

Самата комплексност на оваа проблематика ја налага потребата од користење на соодветни информации од анализите, статистиката и стратегијата за понатамошниот развој на оваа земјоделско-индустриска дејност.

Во обработката на податоците се користени аналитичкиот, математичко статистичкиот и компаративниот метод. Како платформа се користени секундарни интерни и секундарни екстерни извори на податоци.

# КРАТОК ОСВРТ КОН ПРИНЦИПИТЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ СО КВАЛИТЕТ

Менаџментот со квалитет во фирмите преферира многубројни принципи, меѓу кои: фокусирање кон купувачите, лидерство, вклученост на луѓето, процесен и системски пристап кон менаџментот, постојано подобрување, фактички пристап кон одлучувањето и однос со добавувачите врз заемна корист1.

*Фокусирањето кон купувачите* е основен принцип, доколку сакаме да обезбедиме квалитетна, навремена и наградена продажба на произведениот тутун, бидејќи купувачите се тие кои ги диктираат своите потреби. Ние, како производители на тутун, мораме да бидеме во дослух со купувачите, да ги разбереме нивните тековни и идни потреби и, согласно со нивните барања, да го насочиме нашето сортно и типско производство на тутун.

*Лидерството,* кое се изразува пред сé, преку личниот пример на менаџерот т.е одговорниот за водење на фирмата, најмногу придонесува за остварување на политиката на менаџментот со квалитет. Водачите (лидерите) воспоставуваат единство на целите во фирмата. Тие се оние кои ја создадават и одржуваат внатрешната работна атмосфера, во која луѓето ќе бидат целосно вклучени за постигнување на целите на фирмата.

*Вклучување на луѓето* од сите нивоа во создавањето на квалитетот на производите и целокупните активности во фирмата е суштината на менаџментот со квалитет. Овозможувањето што повеќе да дојде до израз нивното знаење, умеење и искуство, односно нивните способности, е многу важно за фирмата. Вклученоста на луѓето особено ќе дојде до израз доколку се негува почит кон нив, ако се применуваат еднакви принципи кон сите и ако правилно се цени нивната работливост, способност и се поддржува нивната креативност.

*Процесниот пристап* во управувањето е фактор кој овозможува саканите резултати поефикасно да се постигнат доколку поврзаните ресурси и активности се водат како процес. Со тоа би се овозможило: поголема прегледност, владеење, надгледување, координација, информираност, континуираност, правилно и ефикасно користење на средствата, технологиите, материјалот, исполнување на барањата кон купувачите на економичен, креативен и ефикасен начин и извршување на сé она што придонесува за успешно реализирање на целите.

*Системскиот пристап* кон процесите овозможува преку идентификацијата, разбирањето и управувањето на меѓусебно поврзаните процеси како систем, на ефективен и ефикасен начин да се подобрува зададената цел на фирмата. Тоа значи постојана грижа на тутунопроизводителот за правилно и навремено извршување на сите операции и процеси, од подготовката на почвата, семепроизводството, производството на тутун, сушењето, домашната манипулација, итн. сé до предавањето на сувиот тутун.

*Континуираното подобрување* на целокупното работење треба да биде постојана цел на фирмата. Правилното и навремено извршување на сите операции, развивањето на добри меѓучовечки односи, освојувањето на пазарот и стекнувањето на доверба кај купувачите со бараниот квалитетет на тутунот, остварувањето на отворени, искрени и реални договори и долгорочна соработка се неразделни сегменти за континуирано подобрување на целокупното работење во фирмата.

*Фактичкиот пристап* кон одлучувањето се заснова на објективното примање, анализирање, селектирање и пренесување на информациите. Само реалниот, отворениот и сеопфатниот пристап кон проблемите и, на тој начин, нивното анализирање и одлучување можат да донесат успех во фирмата.

Стремежот кон создавање на *заеднички придобивки* помеѓу добавувачот, производителот и купувачот се наметнува како потреба бидејќи производната фирмата и нејзините добавувачи и купувачи се меѓусебно зависни. Затоа е неопходна искрена и отворена меѓусебна соработка.

# ПРОЦЕСЕН ПРИСТАП ВО МЕНАЏМЕНТОТ СО КВАЛИТЕТ

Секоја активност, или збир на активности, која ги користи ресурсите за да ги трансформира инпутите (влезовите) во аутпути (излези, производи) може да се смета како процес.

Производството на тутун може да се смета како еден систем од процеси, каде резултатите од еден процес претставуваат инпут (влез) во наредниот процес. Поконкретно кажано, расадопроизводството како засебен процес (инпут-тутунско семе, трансформација-сеење и преземање на сите агротехнички и други мерки, аутпут-тутунски расад), со својот производ-тутунскиот расад, претставува инпут за нивското производство на тутун, кое пак со целокупните негови операции (садење, окопување, полевање, заштита, берење, нижење, сушење, и крајниот производ сув тутун), претставува инпут за понатамошните процеси како на пример домашната манипулација, потоа обработката (индустриската манипулација и ферментација) до готов производ-пакуван ферментиран тутун, како аутпут.

Системското идентификување и управување со процесите кои се применуваат во рамките на една фирма и, особено, интеракциите меѓу таквите процеси се нарекува "процесен пристап".

Предноста на процесниот пристап е што тој се заснова на постојано унапредување на менаџментот со квалитет, кое е овозможено преку поврзаност меѓу одделните процеси заедно со нивните комбинации и интеракции, во рамките на системот на процеси.

Менаџментот со квалитет во процесите, меѓу другото, посебно внимание посветува на:

-согледувањето и разбирањето на барањата на купувачите;

-квалитетното исполнување на барањата, преку целосна посветеност на работните задачи, работата, т.е професијата;

-создавањето на резултати во работењето, преку изразена мотивираност и задоволство во работењето, кое произлегува пред сé од правилниот менаџмент;

-постојано подобрување на процесите врз основа на објективни мерења и анализи.

Менаџментот со квалитет, како активност, овозможува ефикасно и ефективно остварување на саканите цели во претпријатието. Остварувањето на тие цели сé врши со помош на луѓето, преку нивната мотивираност, со воспоставување ефективни односи во нивното однесување.




Слика 1. Модел на систем за менаџмент на квалитет (заснован на процес)
(Извор: ИСО 9000-2000)

# МЕНАЏМЕНТОТ СО КВАЛИТЕТ ВО ПРОЦЕСНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО

Менаџментот со квалитет се јавува како значаен фактор кој има големо влијание како за правилното и навремено произвоство на тутун така и за неговата ефикасност и ефективност.

Овој фактор е зависен од оној кој ја води дејноста поврзана со тутунопроизводството. Во секој случај, тутунопроизводствената дејност сфатена било како директна било како индиректна, т.е. научна или стручно-советодавна активност, бара голема посветеност.

Квалитетното тутунско семе дава квалитетен расад, а пак квалитетниот расад, со примена на правилна и навремена агротехника, дава квалитетен тутун, кој потоа треба квалитетно да се исуши, манипулира, ферментира и преработи, во согласност со потребите.

Затоа е потребно да се посвети внимание на сите организациони аспекти во производството на тутун како што се:

-согледување и разбирање на типската бараност на тутунот од страна на купувачот;

-правилен избор и квалитетна подготовка на површините каде ќе се произведува тутун;

-квалитетно производство на тутунски расад;

-квалитетно производство на тутун на нива;

-правилна и квалитетна примена на агротехниката во целиот процес на производство;

-зачувување на квалитетот на тутунот во берењето и нижењето;

- квалитетно сушење на тутунот;

-правилно сместување на тутунот;

- правилна и квалитетна манипулација на тутунот;

-правилна и квалитетна обработка на тутунот итн.

Приносот и квалитетот на тутунот ќе бидат дотолку подобри доколку правилно се користат и благовремено се обезбедат сите потребни услови за нивниот развој и доколку правилно и квалитетно се применуваат сите мерки и активности својствени на менаџментот со квалитет.

Доколку тутунопроизводителот не е доволно упатен во правилното користење на агротехниката, потребно е да користи консултации или помош кај соодветни институции или фирми. Впрочем, тоа го покажа и направената анкета со 150 тутунопроизводители.

# НЕКОИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ТУТУН КАЈ НАС ВО ОДНОС НА СВЕТСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

Производството на тутун во светот и кај нас, погледнато од аголот на еден подолгорочен период, постојано се зголемува. Но, темпото на ова зголемување во светот и кај нас не е исто.

Погледнувајќи го индексот на движење (Табела 1), ќе се забележи дека производството на тутун во светот покажува поголем индекс на пораст отколку производството во Р. Македонија. Тоа се должи на повеќе причини, но како основни се зголемувањето на површините под тутун и зголемувањето на просечниот принос на единица површина.

Од Табела 1. се гледа дека површините под тутун во светот се зголемуваат со поголем индекс во однос на зголемувањето во Р. Македонија, но не со онакво темпо какво што е зголемувањето на производството на тутун.

Поголемото зголемување на производството на тутун се должи најмногу на зголемувањето на приносот на тутун на единица површина. Во светот, просечниот принос на единица површина во последниве години (1996, 1997 и 1998 година) изнесуваше околу 1.600 kg/ha, а во нашата земја околу 1.300 kg/ha, што значи само 80% во однос на светското производство.

Имајќи ги предвид овие показатели, можеме да заклучиме дека во нашата земја зголемувањето на просечното производ+ството на тутун заостанува во однос на светското од повеќе причини, меѓу кои од аспект на менаџментот се: недоволна организираност и посветеност кон истото, недоволно користење на многубројните фактори и мерки во производството и

општо погледнато, нецелосно прифаќање на тутунопроизводството како семеен бизнис и третирање на истото со сите атрибути на бизнис.

Во светот сѐ повеќе е застапено организирано фармерско производство на тутун или развој на современи семејни стопанства, со основна дејност производство на тутун и други дополнителни дејности, со изразена улога на менаџментот во сите сфери.

Исто така, денес унапредувањето на работењето во фирмите е незамисливо без знаење, способност, информираност, правилно однесување и меѓусебно разбирање. Јасно е дека природните фактори имаат битно влијание врз резултатите во тутунопроизводството, но исто такво влијание има и правилната примена на сите други фактори, мерки и активности, а особено унапредувањето на менаџментот со квалитетот.

Табела 1 - Производство на тутун во светот и во Р.Македонија
Table 1 - Tobacco production in the world and in Macedonia

| Ред. број N° | Години Year | површини под тутун,ha Area grown, ha | | производство на тутун, t Production in tons | | просечен принос, kg/ha Average yierd kg/ha | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Свет World | Македонија Macedonia | Свет World | Македонија Macedonia | Свет World | Македонија Macedonia |
| 1 | 1950 | 3,040,000 | 17,361 | 2,950,000 | 13,715 | 970 | 790 |
| 2 | 1960 | 3,647,000 | 20,435 | 3,799,000 | 14,100 | 1,042 | 690 |
| 3 | 1960/65 | 3,923,000 | 25,546 | 4,380,000 | 21,268 | 1,116 | 833 |
| 4 | 1966/70 | 4,077,000 | 30,407 | 4,705,000 | 23,881 | 1,154 | 785 |
| 5 | 1974 | 4,159,000 | 30,084 | 5,305,000 | 27,978 | 1,276 | 930 |
| 6 | 1975 | 4,246,000 | 33,132 | 5,475,000 | 34,126 | 1,289 | 1,030 |
| 7 | 1976 | 4,477,000 | 32,739 | 5,687,000 | 33,721 | 1,270 | 1,030 |
| 8 | 1977 | 4,425,000 | 31,355 | 5,626,000 | 32,296 | 1,271 | 1,030 |
| 9 | 1982 | 4,533,000 | 26,984 | 6,890,000 | 34,000 | 1,520 | 1,260 |
| 10 | 1983 | 4,167,000 | 27,096 | 5,990,000 | 22,490 | 1,437 | 830 |
| 11 | 1984 | 4,099,000 | 25,923 | 6,480,000 | 30,719 | 1,581 | 1,185 |
| 12 | 1985 | 4,109,000 | 28,505 | 6,590,000 | 30,728 | 1,604 | 1,078 |
| 13 | 1986 | 4,321,000 | 30,216 | 6,050,000 | 35,020 | 1,400 | 1,159 |
| 14 | 1987 | 4,302,000 | 25,465 | 6,214,000 | 28,648 | 1,444 | 1,125 |
| 15 | 1988 | 4,329,000 | 18,534 | 6,221,000 | 22,259 | 1,437 | 1,201 |
| 16 | 1989 | 4,989,000 | 24,456 | 7,137,000 | 27,537 | 1,431 | 1,126 |
| 17 | 1990 | 4,612,000 | 20,825 | 7,076,000 | 16,452 | 1,534 | 790 |
| 18 | 1991 | 5,031,000 | 18,324 | 7,607,000 | 25,195 | 1,512 | 1,375 |
| 19 | 1992 | 5,408,000 | 22,497 | 8,340,000 | 26,502 | 1,542 | 1,178 |
| 20 | 1993 | 5,355,000 | 21,373 | 8,306,000 | 24,002 | 1,551 | 1,123 |
| 21 | 1994 | 4,152,000 | 14,864 | 6,392,000 | 18,862 | 1,539 | 1,269 |
| 22 | 1995 | 4,170,000 | 10,891 | 6,355,000 | 15,683 | 1,524 | 1,440 |
| 23 | 1996 | 4,544,000 | 11,738 | 7,175,000 | 15,412 | 1,579 | 1,313 |
| 24 | 1997 | 4,894,000 | 19,290 | 7,975,000 | 25,308 | 1,630 | 1,312 |
| 25 | 1998 | 4,658,000 | 25,016 | 7,473,000 | 32,746 | 1,604 | 1,309 |

Извор:Податоците за светското производство на тутун за годините 1900-1960 користени се од д-р Миле Узуноски, „Производство на тутун" „Стопански весник", Скопје, 1985 стр.25, За годините од 1961 до 1990 користен е Статистички годишник Југославије, 1978, 1979, 1986-1991. За годините од 1991 до 1998 користен е "Tobacco journal, international" 5/97 & Tobacco: World Markets and Trade, December, 2001, а податоците за производството на тутун во Р.Македонија се користени од статистичките годишници на Р.Македонија од 1993-2001 година.

Sources for the world tobacco production in the period 1900-1960: D-r Mile Uzunoski, "Production of tobacco", "Economic review", Skopje, 1985, p. 25; for the period 1961-1990: Statistic Almanac of Yugoslavia (1998, 1979, 1986-1991); for the period 1991-1998 - "Tobacco journal, international" 5/97 & Tobacco: World Markets and Trade, December, 2001. Sources for tobacco production in Macedonia - Statistical almanacs from 1993 to 2001.

# РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ТУТУНОПРОЗВОДИТЕЛИ

Од направената анкета со тутунопроизводителите во текот на 2000, 2001 и 2002 година, ги добивме следниве резултати:

1. Кој го води и организира производството на тутун:

а) Таткото на фамилијата 51 %
б) Мајката на фамилијата 13 %
в) Едно од децата во фамилијата 1 %
г) Заедно таткото и мајката 35 %
д) Децата сами 0 %

2. Со кого го вршите производството на тутун:

а) Сам таткото на фамилијата 2 %
б) Таткото и мајката 15 %
в) Се ангажира целата фамилија 79 %
г) Ангажирани се и надворешни лица 4 %

3. При извршување на тутунопроизводствениот процес се раководам:

а) Само од сопственото искуство 24 %
б) Од сопствено искуство и користам стручна помош 73 %
в) Посетувам семинари и советувања 2 %
г) Ангажирам стручни лица 1 %

4. Дали сметате дека може добро да се живее од добро организирано производство на тутун:

а) Да 54 %
б) Не 46 %

5. Дали и понатаму ќе произведувате тутун:

а) Да 95 %
б) Не 5 %

6. Дали сметате дека е потребно да се посетуваат семинари или советувања за унапредување на тутунопроизводството:

а) Да 81 %
б) Не 19 %

7. Дали вршите планирање на производството на тутун и изработувате бизнис план:

а) Размислувам колку ќе засадам тутун 42 %
б) Планирам, но не изработувам бизнис план 16 %
в) Изработувам бизнис план 0 %
г) Водам евиденција за трошоците и приходите 42 %

8. Дали сметате дека е потребна честа посета на стручни лица за време на производството на тутун, т.е. расадопроизводството, нивското садење, копањето, берењето и сушењето и пеглањето:

а) Да 95 %
б) Не 5 %

9. Дали сметате дека треба да се развие поголема соработка помеѓу тутунопроизводителите и стручните и научните лица од соодветни стопански претпријатија или институции:

а) Да 97 %
б) Не 3 %

10. Дали сметате дека е потребно да се врши почесто информирање во текот на годината, за проблемите и активностите во тутунопроизводството од страна на компетентни лица:

а) Да 97 %
б) Не 3 %

11. Што сметате дека е најдобро за информирање на тутунопроизводителите за унапредување на производството на тутун?

а) Држење на предавања семинари и советувања 47 %
б) Организирање на емисии-разговори преку радио 16 %
в) Организирање на емисии-разговори преку телевизија 38 %
г) Директни контакти во канцеларии 31 %

7. Колку треба да бидете информирани за состојбите во вашата фирма (претпријатие)?

| | |
|---|---|
| а) често | 98 % |
| б) ретко | 2 % |
| в) никогаш | 0 % |

8. Дали комуникациите помеѓу вработените треба да бидат отворени и пријателски?

| | |
|---|---|
| Да | 97 % |
| Не | 3 % |

9. Дали директорот на фирмата треба да свикува често состаноци со стручните кадри во поширок круг, за разгледување на проблемите во работењето?

| | |
|---|---|
| Да | 92 % |
| Не | 8 % |

10. Дали клиентите (купувачите на вашите производи, односно корисниците на вашите услуги) треба да бидат задоволни со квалитетот и со рокот на испораката на вашите производи, услуги?

| | |
|---|---|
| Да | 100 % |
| Не | 0 % |

Од добиените резултати по анкетата јасно се гледа дека вработените ги сакаат сите оние позитивности кои треба да владеат во фирмата, односно вработените претпочитаат нивниот директор да ги преферира вистинските вредности.

## ЗАКЛУЧОК

Менаџментот со квалитет во фирмата преферира многубројни принципи, меѓу кои се: фокусирање кон купувачите, лидерство, вклученост на луѓето, процесен пристап, системски пристап кон менаџментот, постојано подобрување, фактички пристап кон одлучувањето и однос со добавувачите врз заемна корист.

Унапредувањето на менаџментот со квалитет во процесите на тутунопроизводството, пред сé, е континуирана активност на размислување, при што посебно внимание се посветува на:

-согледувањето и разбирањето на барањата на купувачите;

-квалитетното исполнување на барањата, преку целосна посветеност на работните задачи, работата т.е професијата;

-создавањето на резултати во работењето, преку изразена мотивираност и задоволство во работењето, кое произлегува пред сé од правилниот менаџмент;

-постојано подобрување на процесите врз основа на објективни мерења и анализи.

Менаџментот со квалитет, како активност, овозможува ефикасно и ефективно остварување на саканите цели во фирмата. Остварувањето на тие цели се врши со помош на луѓето, преку нивната мотивираност, со воспоставување ефективни односи во нивното однесување.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Fulmer M. R., 1995, The new management (Новиот менаџмент) СКАЈ, Агенција, Скопје.

2. ISO Catalogue, 1997, Internacional Organization, 65. Agriculture, 65.160 Tobacco, Tobacco Products and Related Equipment, Geneve.

3. ISO 9000: 2000

4. Lister R. B., 1984. The Key to Management Success, Alexander Hamilton, Institute Incorporated.

5. Мицески, Т., 1999, Подобрување на квалитетот и продуктивноста на тутунопроизводството - примарна задача на тутунопроизводителот, Зборник на трудови на ДНУ -Прилеп, 14 и 15, 7-19 Прилеп.

6. Tomić. L. 1997 Nove međunarodne norme za duhan i duhanske proizvode, IZVJEŠĆE -ANNUAL REPORT, Duhanski Institut-Zagreb.

7. Shester E., 1992. Mananging for world-class quality. Marcel Dekker, New York.

12. Колку ќе ви користат предавањата-разговорите за унапредување на производството на тутун организирани преку радио, телевизија или во сали ?

| | |
|---|---|
| а) Малку | 14 % |
| б) Многу | 61 % |
| в) Без тоа нема успех | 20 % |
| г) Нема ни малку да ми користат | 2 % |

Од одговорите на испитаните 150 тутунопроизводители можат да се добијат многубројни информаци за нивното размислување за унапредување на производството на тутун. Немајќи простор за коментирање на показателите кои даваат многу јасни информации, како општ заклучок ќе истакнеме дека тутунопроизводителите се заитересирани за унапредување на тутунопроизводствените процеси.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТУТУНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Со цел да добиеме изворни сознанија за тоа што сметаат вработените дека е потребно за унапредување на менаџментот на квалитет во процесите на работењето во фирмата, извршивме анкета во текот на 2001 и 2002 година, со околу 200 вработени во 12 тутунски претпријатија во нашава Република.

Анкетата беше подготвена со прашања од областа на менаџментот со ресурсите, одговорноста на менаџерот и унапредувањето на работењето. Всушност истата анкетата беше спроведена од една страна за осознавање на состојбите во организациите, а од друга страна за мислењето за унапредување за менаџментот со квалитет во процесите во работењето. Заради просторот, овде ќе ја прикажеме само анкетата за унапредување на менаџментот со квалитет.

Анкетните прашања и одговорите беа следниве:

1. Дали во вашата фирма треба да се применуваат исти принципи на наградување и унапредување ?

| | |
|---|---|
| Да | 93 % |
| Не | 3 % |
| Без одговор | 4 % |

2. Дали во вашата фирма треба да се цени и почитува способноста, работливоста и знаењето ?

| | |
|---|---|
| Да | 97 % |
| Не | 0 % |
| Без одговор | 3 % |

3.Дали вработените треба слободно да ги изнесат своите мислења, погледи и предлози за работењето и да се осврнуваат критички за појавените проблеми во фирмата?

| | |
|---|---|
| Да | 92 % |
| Не | 2 % |
| Без одговор | 6 % |

4. Каква работна атмосфера треба да владее во вашата фирма ?

| | |
|---|---|
| 1. Ред, дисциплина, ангажираност и соработака | 100 % |
| 2. Неодредена дисциплина, недоволна ангажираност и слаба соработка | 0 % |
| 3. Безредие, притисоци, омаловажувања и никаква соработка | 0 % |

5. Дали вашиот директор со своето однесување и работење, пред вработените треба да претставува пример ?

| | |
|---|---|
| Да | 98 % |
| Не | 0 % |
| Без одговор | 2 % |

6. Дали директорот со својот менаџерски тим, треба да се грижи за развивање на добри меѓусебни односи, добра работна клима и добра перспектива?

| | |
|---|---|
| Да | 99 % |
| Не | 0 % |
| Без одговор | 1 % |

7. Колку треба да бидете информирани за состојбите во вашата фирма (претпријатие)?

а) често 98 %
б) ретко 2 %
в) никогаш 0 %

8. Дали комуникациите помеѓу вработените треба да бидат отворени и пријателски?

Да 97 %
Не 3 %

9. Дали директорот на фирмата треба да свикува често состаноци со стручните кадри во поширок круг, за разгледување на проблемите во работењето?

Да 92 %
Не 8 %

10. Дали клиентите (купувачите на вашите производи, односно корисниците на вашите услуги) треба да бидат задоволни со квалитетот и со рокот на испораката на вашите производи, услуги?

Да 100 %
Не 0 %

Од добиените резултати по анкетата јасно се гледа дека вработените ги сакаат сите оние позитивности кои треба да владеат во фирмата, односно вработените претпочитаат нивниот директор да ги преферира вистинските вредности.

## ЗАКЛУЧОК

Менаџментот со квалитет во фирмата преферира многубројни принципи, меѓу кои се: фокусирање кон купувачите, лидерство, вклученост на луѓето, процесен пристап, системски пристап кон менаџментот, постојано подобрување, фактички пристап кон одлучувањето и однос со добавувачите врз заемна корист.

Унапредувањето на менаџментот со квалитет во процесите на тутунопроизводството, пред се́, е континуирана активност на размислување, при што посебно внимание се посветува на:

-согледувањето и разбирањето на барањата на купувачите;

-квалитетното исполнување на барањата, преку целосна посветеност на работните задачи, работата т.е професијата;

-создавањето на резултати во работењето, преку изразена мотивираност и задоволство во работењето, кое произлегува пред се́ од правилниот менаџмент;

-постојано подобрување на процесите врз основа на објективни мерења и анализи.

Менаџментот со квалитет, како активност, овозможува ефикасно и ефективно остварување на саканите цели во фирмата. Остварувањето на тие цели се врши со помош на луѓето, преку нивната мотивираност, со воспоставување ефективни односи во нивното однесување.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Fulmer M. R., 1995, The new management (Новиот менаџмент) СКАЈ, Агенција, Скопје.

2. ISO Catalogue, 1997, Internacional Organization, 65. Agriculture, 65.160 Tobacco, Tobacco Products and Related Equipment, Geneve.

3. ISO 9000: 2000

4. Lister R. B., 1984. The Key to Management Success, Alexander Hamilton, Institute Incorporated.

5. Мицески, Т., 1999, Подобрување на квалитетот и продуктивноста на тутунопроизводството - примарна задача на тутунопроизводителот, Зборник на трудови на ДНУ -Прилеп, 14 и 15, 7-19 Прилеп.

6. Tomić. L. 1997 Nove međunarodne norme za duhan i duhanske proizvode, IZVJEŠĆE -ANNUAL REPORT, Duhanski Institut-Zagreb.

7. Shester E., 1992. Mananging for world-class quality. Marcel Dekker, New York.

# IMPROVEMENT OF QUALITY MANAGEMENT IN THE PROCESSES OF TOBACCO PRODUCTION

**T. Miceski**
*Tobacco Institute-Prilep*

## SUMMARY

Quality management, now more than ever, occupies an important place in tobacco production. It presents, above all, a continuous process aimed to satisfy the requirements of both the persons employed in tobacco industry and the buyers.

Improvement of production is related with improvement of tobacco quality and increase of the yield per unit area. The analysis shows that the world production of tobacco in the last fifty years has been 2.5 times greater, and the yield 1.7 times. On the other side, the contemporary production of tobacco in the world has been organized in farms, i.e. in family enterprises. Beside tobacco production, which is their main activity, they are also engaged with other additional activities and management is involved in all of them.

Natural factors have a significant influence on the results of tobacco production, but equal to that is the influence of application of cultural practices and adequate management.

Scientific and practical aspects of management for improvement of productional and economic results are presented in this paper.

*Author's address:*
*T. Miceski*
*Tobacco Institute-Prilep*
*Kicevski pat, bb*
*7500 Prilep*
*Republic of Macedonia*